# КАРПОШ
## неделен Е - БИЛТЕН





**ОПШТИНА КАРПОШ НЕДЕЛЕН Е - БИЛТЕН**
**ИЗГОТВУВА: ОДДЕЛЕНИЕ ЗА ОДНОСИ СО ЈАВНОСТ**
**12-20 март 2024 Билтен бр. 557**

# МЕЃУНАРОДНО ЗЛАТО И СРЕБРО ЗА ФУДБАЛЕРИТЕ ОД ФК„КАРЕВ“

**Младите фудбалери од ФК Карев имаа одлично издание на меѓународниот турнир „Вихрен куп Сандански 2024“ кој се одржа минатиот месец во соседна Бугарија.**

**Имено, играчите од фудбалската генерација на „Карев“ од 2016 година го освоија првото место, додека пак нивните постари тимски колеги од генерацијата 2011-та, успеаја да го освојат второто место на ова меѓународно натпреварување. Инаку, на турнирот учествуваа повеќе екипи од Бугарија, Србија, Романија, Молдавија, Грција и останати земји учеснички.**

**Колекцијата на признанија за ФК „Карев“ ја збогатија и индивидуалните трофеи за најдобри голмани од генерациите 2011-та и 2016-та, кои на најдобар начин го промовираа македонскиот фудбал во меѓународни рамки.**



# МЕНТОРИРАЊЕ НА ЕДИНИЦИ НА ЛОКАЛНА САМОУПРАВА ЗА ИНТЕГРАЦИЈА НА ЛИЦА ПОД МЕЃУНАРОДНА ЗАШТИТА

**Црвен Крст на Град Скопје со подршка на Швајцарскиот Црвен Крст и Меѓунардоната Федерација на Црвен Крст и Црвена Полумесечина во текот на месец март спроведува менторирање на единиците од локалната самоуправа. Имено, во соработка со ЈУ Завод за социјална дејност – Скопје и Македонското Здружение на Млади Правници, експертски интердисциплинарен тим спроведува дводневни средби со претставници на општините и Град Скопје.**

**Дводневното менторирање во Општина Карпош, го следеа раководителката на Секторот за дејности од јавен интерес Гордана Стојчевска Зафировска и колеги од одделението за образование, одделението за детска, социјална и здраствена заштита како и од секторот за локален економски развој.**

**На овие средби се споделуваат знаења и информации за статусот и правата на лицата под меѓународна заштита односно лица под супсидијарна заштита. Истите во иднина ќе резултираат со зајакнување на мрежата од соработници на локално ниво со директна поддршка на оваа ранлива категорија на жители во РСМ. Колегите, Катерина Гиевска и Александра Валкановска заедно со Зоран Дранговски и Соња Кипровска на локално ниво го пренесуваат своето знаење од теоријата и практична имплементација на социјалната услуга – олеснување на интеграцијата.**



# УЧИЛИШТАТА ОД КАРПОШ ДОБИЈА СЕРТИФИЦИРАНИ ОБУЧУВАЧИ ЗА РОДИТЕЛСТВО

**Под покровителство на Општина Карпош, неделава, експертите од Регионалниот Експертски Центар за родителски вештини при невладината групација „Алтернатива“, одржаа тридневна обука за унапредување на менталното здравје на децата. Обуката беше наменета за стручните кадри (педагози, психолози и наставници) од десетте основни училишта кои се наоѓаат на територија на Карпош. Имено, станува збор за реализација на првата фаза од проектот „Советувалиште за родители при општина Карпош“, кој Општината од својот буџет го поддржува со финансиски средства во висина од 300.800 денари.**

**По тој повод денеска, проф. д-р Марија Ралева им ги врачи сертификатите на учесниците на обуката, кои понатаму во улога на стручни фацилитатори ќе одржат средби со родителите на децата (од 6 – 10 годишна возраст), кои воедно се ученици во основните училишта во Карпош. На овој начин фацилитаторите (обучувачите) преку пет организирани сесии, ќе го пренесат своето искуство и знаење на родителите, кои понатаму треба да разговараат и позитивно да влијаат врз своите деца, со цел, унапредување на нивното ментално здравје.**

**Според координаторката за еднакви можности на жените и мажите при Општина Карпош, Виолета Михајловска, во рамки на третата фаза од проектот (во септември годинава), треба да започне со работа и Канцеларијата, (советувалиште) за родители, кое ќе функционира во рамки на ООУ „Јан Амос Коменски“. Со целосна реализација на проектот, Општина Карпош се наметнува како пионер во оваа иницијатива која ги вклучува образовните институции, родителите и основците. Конечниот исход треба да резултира со поефикасна превенција на насилството врз децата од секаков вид, но и со создавање на психолошко здрави и стабилни личности.**



## ЧЕТВОРИЦА НАСТАВНИЦИ ОД КАРПОШ УЧЕСТВУВААТ ВО ПРОЕКТ ПОДДРЖАН ОД СТЕЈТ ДЕПАРТМЕНТОТ

**Претставници од Универзитетот „Тринити“ од Сан Антонио (САД), минатата недела го посетија основното училиште „Петар Поп Арсов“, по повод реализација на проектот за млади лидери во спортот „Youth Leadership Through Sport“ (YLS). Имено, во овој проект којшто е поддржан од американскиот Стејт Департмент, учествуваат наставниците по физичко и здравствено образование, м-р Александар Аргироски (ООУ „Петар Поп Арсов“), Татјана Трпезановска (ООУ „Братство“), Емилија Терзиевска (ООУ „Владо Тасевски“) и Сандра Георгиевска (ООУ „Вера Циривири Трена“).**

**Во рамки на пријателската посета во општина Карпош, по топлото добредојде, домаќините од ООУ „Петар Поп Арсов“ организираа и мала приредба во чест на своите американски колеги. Притоа, основците од ова училиште ги поздравија гостите со изведба на неколку музички точки, по што следуваше и демонстрација на спортски вештини од областа на каратето, фудбалот, одбојката и гимнастиката.**

**Поздравен говор одржа директорката на ООУ „Петар Поп Арсов“, Даниела Штерјова, а пред присутните се обрати и градоначалникот Стевчо Јакимовски. Во оваа пригода првиот човек на Општина Карпош одржа и куса презентација во која го истакна значењето на проектот, како и посветеноста на локалната самоуправа која повеќе од една деценија во континуитет, реализира низа активности за поддршка на младите и спортот.Инаку, YLS проектот во кој учествуваат наставниците од Карпош, започна минатата година, каде во периодот од 15 – 25 јули во Сан Антонио беа реализирани повеќе активности. Меѓу другото, беа одржани теоретски и практични обуки за одбојка за девојчиња, потоа, стручна обука за работа со деца со попреченост, за правилна исхрана на спортисти, како и обука за позитивно психолошко влијание кон децата – спортисти.**



# СТРУЧНИ ЛИЦА ЌЕ ИМ ПОМАГААТ НА ОСНОВЦИТЕ ОД КАРПОШ ДА СЕ СООЧАТ СО СТРЕСНИТЕ СИТУАЦИИ ВО СЕМЕЈСТВОТО

**Околу 125 наставници и стручни соработници кои работат во основните училишта во Карпош се стекнаа со сертификати за успешно завршена четиридневна обука, која ја спроведе лиценцираниот психолог и психотерапевт д-р Драгана Батиќ. Станува збор за проектот под наслов „Психо-социјална поддршка на децата во училиштата после стресни настани“, кој го поддржа Општина Карпош со финансиски средства во висина од 60.000 денари. Оваа обука беше неминовна за образовниот кадар од училиштата во Карпош, за да реагираат соодветно во однос на децата и родителите при стресни ситуации со кои се соочуваат малолетниците, како што е разводот на родителите и живеење во еднородителско семејство.**

**На овој начин училишните психолози, педагози и наставници од Карпош добиваат стручна едукација од д-р Батиќ, која воедно е и професорка на Факултетот за безбедност во Скопје. Оттука, учесниците во обуката се стекнаа со дополнителни искуства кои ќе ги искористат за пружање на психосоцијална поддршка во периодот кога децата поминуваат низ разводот на родителите. Пристапот на стручните лица кои ќе работат со основците од Карпош би бил пред сè од превентивна природа, кој треба да делува позитивно врз нивното ментално здравје, за да не дојде до развивање на понатамошни психички проблеми, особено во адолесцентниот период.**

